SPARKASSE Bank

Одделение за работа со хартии од вредност
ул. Македонија 9/11
1000 Скопје
www.sparkasse.mk
Тел. : +389 2 3200 758
BrokerSP@sparkasse.mk

**ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**
**на**
**ОХРИДСКА БАНКА АД Скопје**

Врз основа на член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва, во име и за сметка на Штајермеркише Банк и Шпаркасен, АД (Steiermärkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), со седиште во Шпаркасенплац (Sparkassenplatz) 4, 8010, Грац, Австрија, овластеното правно лице Шпаркасе банка Македонија АД Скопје - Одделение за работа со хартии од вредност, објавува:

**ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**
На акции издадени од Охридска Банка АД Скопје, со седиште на ул. Орце Николов бр.54, Скопје и со ЕМБ 5004756

- *Хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп:*
  вид и род: обични акции
  број на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање: 516.350 обични акции со ISIN број MKOHBA101012.

- *Изјава од преземачот во врска со понудата за преземање:*
  Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од Охридска банка АД Скопје.
  Преземачот Штајермеркише Банк и Шпаркасен, АД (Steiermärkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft) се обврзува да ја купи секоја акција со право на глас издадена од Охридска банка АД Скопје во согласност со пропишаните и објавените услови.

- *Цена по која понудувачот се обврзува да ги купи хартиите од вредност:*

  Цената по акција на понудата за преземање изнесува 6.298,79 денари.

  Понудената цена е еднаква на просечната цена на обичните акции издадени од Охридска банка АД Скопје постигната на Македонска берза во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање.

  На имателите на хартии од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на понудата за преземање, односно сите трошоци во врска со понудата за преземање ги сноси преземачот.

- *Рок за плаќање на хартиите од вредност:*

  Согласно член 34 од Законот за преземање на акционерските друштва, преземачот го депонираше паричниот износ потребен за плаќање на сите хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност.

SPARKASSE
Bank

Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје е должен во рок од 8 дена по добивањето на решението од Комисијата за хартии од вредност за успешност на Понудата за преземање, да го изврши преносот на паричните средства на сметките на сопствениците на акции кои ја прифатиле Понудата за преземање.

- *Датум на отпочнување и датум на завршување на рокот за прифаќање на понудата за откуп од страна на сопствениците на хартиите од вредност;*

  Рокот за прифаќање на понудата е 28 дена од денот на објавување на понудата за преземање. Рокот за прифаќање на понудата започнува да тече на 24.09.2019 а завршува на 21.10.2019.

  Рокот за прифаќање на понудата за преземање се продолжува за 14 дена доколку најмалата количина на обични акции која треба да биде прифатена за Понудата за преземање да се смета за успешна, се исполни во последните 14 дена од рокот за прифаќање на понудата за преземање.

- *Праг на успешност на понудата:*
  Понудата за преземање ќе се смета за успешна доколку биде прифатена од акционери кои поседуваат најмалку 384.844 обични акции кои претставуваат 74,53% од вкупниот број издадени акции од Охридска банка АД Скопје

- *Услов за раскинување на понудата за преземање:*
  За стекнување на акциите предмет на оваа понуда за преземање потребна е согласност од Народната банка на Република Северна Македонија. Со оглед на тоа што Народната банка ја издаде согласноста, оваа понуда не содржи услов за раскинување.

**Шпаркасе банка Македонија АД Скопје**
**Одделение за работа со хартии од вредност**

**Драган Илкоски**